# Свеченост во Самобор во чест на Рацин

**Заедницата на Македонците во Република Хрватска ќе го промовира репринтот на стихозбирката „Бели мугри“ и ќе биде откриена нова биста на Кочо Рацин, подарок од академик Томе Серафимовски**

**Невена Поповска**

**САМОБОР** - Заедницата на Македонците во Република Хрватска откако на почетокот на месецов го промовираше репринтот на стихозбирката „Бели Мугри“ во Велес, родниот град на Кочо Рацин, денеска и утре во Самобор ќе одржи низа активности во во чест на одбележувањето на стогодишнината од раѓањето на големиот поет и седумдесетгодишнината од излегувањето на „Белите мугри“.

Денеска и утре во Самобор ќе се одржат завршните свечености посветени на овој јубилеј и тоа: денеска, во 18 часот во Самоборскиот музеј свечено ќе биде промовирано репринт изданието на „Белите мугри“ од Кочо Рацин, а утре во 11 часот во паркот на Самоборскиот музеј свечено ќе биде откриена новата биста на Кочо Рацин, подарок од академикот Томе Серафимовски. На овие свечености ќе земат учество делегации на Македонската академија на науките и уметностите: претседателот на МАНУ, академик Горги Старделов и академикот Томе Серафимовски, на Хрватската академија на науките и уметностите, претседателот, академик Милан Могуш и академикот Лука Паљетак, градоначалникот на Град Велес, Горан Петров, и неговиот домаќин, градоначалникот на Град Самобор, Крешо Бељак.

Репринтот на стихозбирката на Кочо Рацин, која во печатницата на Драгутин Шпулер беше објавена во Самобор во 1939 година, ја објави Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а ја потпишуваат еминентни публицисти и универзитетски професори.

Повод за објавувањето на репринтот е одбележувањето на седумдесет годишнината од објавувањето на „Бели мугри“ на Рацин на македонски јазик пред Втората светска војна, кога Македонија беше поделена од своите соседи, а македонскиот беше забранет дури и во приватните домови. Книгата е отпечатена на високо ниво од страна на печатницата „Касаниќ“, која го изработи и графичкиот дизајн, а уредници се проф. Огнен Бојаџиски и академикот д-р Горан Калоѓера, во редакција на д-р Васил Тоциновски и Анастазија Цако Арежина.

Првиот дел од книгата ги опфаќа оригиналните страници на „Бели мугри“ со истите букви и хартија како што била отпечатена во 1939-тата. Во вториот дел се поместени текстовите на академикот д-р Горан Калоѓера, под наслов „Рацин во Хрватска помеѓу двете светски војни“, текстот на академикот Блаже Конески под наслов „Константи“ и двата текста на проф. Огнен Бојаџиски „Кочо Рацин“ и „Хронологија на делото и животот на Кочо Рацин“. Интересно е да се спомне дека овие трудови во книгата се објавени и на македонски и на хрватски јазик.

Д-р Калоѓера, посочувајќи ја истографијата на поетот, меѓу другото пишува: „Со книгата песни 'Бели мугри', Рацин го достигна најсилниот поетски израз и така стана следбеник на Пејчиновиќ, Миладинов, Жинжифов, Прличев и другите македонски поети кои во текот на минатиот век достојно опстоеја на својата поетска и патриотска задача...Тоа е, поетски кажано, антологија на болката и страдањата на македонскиот народ“.

Во книгата е поместен и текстот на академик Блаже Конески, изречен на 11 ноември 1971 година пред родната куќа на Рацин, која денес е негов музеј, при што рекол:„Има една чудесна слика во 'Бели мугри': два брега – двата стрмни, а од брегот на брегот тенок мост. Мостовите се прават така што стрпливо се поставуваат столбови, прво под водјето што вечно течат. Една културна традиција се создава со градење врз она што претставува константа во културните напори – секаков друг пристап значи разградување. Затоа нашиот поклон пред споменот на овој човек што во едно преломно време, со дело и со страдања, ја барал смислата на нашиот живот, настојувал да се создадеме најпосле како субјект.“

Проф. Огнен Бојаџиски, покрај библиографијата за Коста Рацин, во оваа книга пишува: „На творецот како што е Кочо Рацин, познат и сакан од македонскиот народ и на љубителите на поетскиот збор каков што беше оној на Коста Рацин, му припаѓа она почесно место кое со своето дело го завземаат градителите без кормило, чесни луѓе чии мостови ги соединуваат сите околу себе, народите и вековите, Прометеи чија жртва го остава вечниот пламен. Затоа Рацин живее и надвор од Македонија.“

Примерок од ова издание, беше подарен на Македонската академија на науките и уметностите и НУБ „Св. Климент Охридски“, а во родниот град на Рацин, Велес, се одржа омаж за поетот во присуство на делегации од Загреб, Самобор и Велес.




**Денеска и утре во Самобор ќе се одржат завршните свечености посветени на двојниот јубилеј на Кочо Рацин**